Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 14 став (1) и став (2) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/21) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија, на седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе:

**Програма за активностите на Општина Гевгелија**
**во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година**

| Наслов на програмата: **Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година** | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓ Законски основи:<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br><br>✓ Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>- Статут на Општина Гевгелија;<br>- Национална стратегија за родова рамноправност 2022 - 2026 година;<br>- Интегрален развоен локален план на Општина Гевгелија 2024 – 2027 година |

<table>
<tr><td>1. Вовед/опис на програмата</td><td>- Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во: политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.</td></tr>
<tr><td>2. Процес на донесување на програмата или идентификување точки за подобрување</td><td>Почетната точка за носење на Програмата е обврската на Општина Гевгелија за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите и активности од Националната стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2022 - 2027 г., како и прибираните секундарни податоци од релевантни институции за креирање на мерки и активности поврзани со еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година.<br><br>ДЕМОГРАФИЈА<br><br>Според податоците од Пописот во 2021 година, во Општина Гевгелија вкупниот број на резидентно население е 21.582, евидентирани се 8.386 домаќинства и 10.803 стана. Од вкупниот број на попишано население, според полот, 10.700 се мажи а 10.882 жени.<br><br>
<table>
<tr><th>Општина</th><th>Население</th><th>Домаќинства</th><th>Станови</th></tr>
<tr><td>Гевгелија</td><td>21.582</td><td>8.386</td><td>10.803</td></tr>
</table><br>
Со место на живеење во градот Гевгелија, се попишале 15.156 лица, од кои 7.338 мажи и 7.768 жени. Додека, во 17. населени места (рурални средини) биле попишани 6.426 лица, од кои 3.312 мажи и 3.114 жени.<br><br>ВРАБОТЕНОСТ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ВО 2024 ГОДИНА<br><br>Според податоците од Агенцијата за вработување, заклучно со 30.09.2024 година, во Центарот за вработување- Гевгелија, се евидентирани вкупно 988 невработени лица со место на живеење во Општина Гевгелија (состојба заклучно со 30.9.2024 година). Од нив, 517 се жени, а 471 маж.<br><br>АКТИВНИ БАРАТЕЛИ</td></tr>
</table>

Евидентирани се вкупно 305 невработени лица (активни баратели), со место на живеење во Општина Гевгелија (состојба заклучно со 30.9.2024 година). Од нив, 171. се жени, а 134 мажи. Стапката на невработеност кај жените е помала од 4%, а кај мажите помала од 3%.

Според возраста, 2. невработени се од 15 до 29 години и тоа мажи. 21. невработен се на возраст од 20 до 24 години, од кои 11 жени и 10 мажи. 30 невработени се на возраст од 25 до 29 години, од кои 19 жени и 11 мажи. Додека, 30 невработени се на возраст од 30 до 34 години- 23 жени, а 7 мажи. 24 невработени, од кои 14 жени и 10 мажи, се на возраст од 35 до 39 години. 28 невработени, од кои по 14 жени и мажи се на возраст од 40 до 44 години. На возраст од 45 до 49 години, се евидентирани 35 невработени, од кои 14 жени, а 21. маж; од 50 до 54 години 30 невработени – 16 жени и 14 мажи; од 55 до 59 години 62 невработени – 40 жени и 22 мажи; и на возраст 60+, 43 невработени – 20 жени и 23 мажи.

| **П Р Е Г Л Е Д<br>невработени лица евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Гевгелија, со место на живеење во Општина Гевгелија, според пол,<br>со состојба на 30.9.2024 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Општина Гевгелија | | Пол | |
| **возраст** | **Вкупно** | **Жени** | **Мажи** |
| 15 - 29 години | 2 | 0 | 2 |
| 20 - 24 години | 21 | 11 | 10 |
| 25 - 29 години | 30 | 19 | 11 |
| 30 - 34 години | 30 | 23 | 7 |
| 35 - 39 години | 24 | 14 | 10 |
| 40 - 44 години | 28 | 14 | 14 |
| 45 - 49 години | 35 | 14 | 21 |
| 50 - 54 години | 30 | 16 | 14 |
| 55 - 59 години | 62 | 40 | 22 |
| 60+ | 43 | 20 | 23 |
| **Вкупно** | **305** | **171** | **134** |

Според степенот на школската подготовка, од вкупната бројка невработени:

- без образование и со основно образование се вкупно 82 лица, од кои 43 жени и 39 мажи;
- со непотполно средно образование се вкупно 54 лица, од кои 25 жени и 29 мажи;
- со завршено средно образование, се вкупно 126 лица, од кои 74 жени, а 52 мажи;
- со вишо образование, се вкупно 4 лица, од кои 1 се жени, а 3 мажи;
- со високо образование, се вкупно 37 лица, од кои 26 се жени и 11 мажи и
- магистри на науки, се вкупно 2 лица и тоа жени.

**П Р Е Г Л Е Д (невработени лица евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Гевгелија, со место на живеење во Општина Гевгелија, според степен на образование, со состојба на 30.9.2024 година)**

| Општина Гевгелија | | Пол | |
|---|---|---|---|
| **образование** | **Вкупно** | **Жени** | **Мажи** |
| без образование и со основно | 82 | 43 | 39 |
| непотполно средно | 54 | 25 | 29 |
| завршено средно | 126 | 74 | 52 |
| вишо | 4 | 1 | 3 |
| високо | 37 | 26 | 11 |
| магистри | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно** | **305** | **171** | **134** |

**ПАСИВНИ БАРАТЕЛИ**

Евидентирани се вкупно 683 невработени лица (пасивни баратели), со место на живеење во Општина Гевгелија (состојба заклучно со 30.9.2024 година). Од нив, 346 се жени, а 337 мажи.

Според возраста, 15 невработени се од 15 до 29 години, од кои 9 жени и 6 мажи. 36 невработени се на возраст од 20 до 24 години, од кои по 18 жени и мажи. 41 невработен се на возраст од 25 до 29 години, од кои 22 жени и 19 мажи. Додека, 50 невработени се на возраст од 30 до 34 години- 30 жени, а 20 мажи. 56 невработени, од кои 33 жени и 22 мажи, се на возраст од 35 до 39 години. 73 невработени, од кои 37 жени и 36 мажи се на возраст од 40 до 44 години.

На возраст од 45 до 49 години, се евидентирани 84 невработени, од кои 44 жени, а 40 мажи; од 50

до 54 години 66 невработени – 29 жени и 37 мажи; од 55 до 59 години 109 невработени – 71. жена и 38 мажи; и на возраст 60+, 153 невработени – 53 жени и 100 мажи.

| **П Р Е Г Л Е Д (невработени лица евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Гевгелија, со место на живеење во Општина Гевгелија, според пол, со состојба на 30.9.2024 година)** | | | |
|---|---|---|---|
| Општина Гевгелија | | Пол | |
| **возраст** | **Вкупно** | **Жени** | **Мажи** |
| 15 - 29 години | 15 | 9 | 6 |
| 20 - 24 години | 36 | 18 | 18 |
| 25 - 29 години | 41 | 22 | 19 |
| 30 - 34 години | 50 | 30 | 20 |
| 35 - 39 години | 56 | 33 | 23 |
| 40 - 44 години | 73 | 37 | 36 |
| 45 - 49 години | 84 | 44 | 40 |
| 50 - 54 години | 66 | 29 | 37 |
| 55 - 59 години | 109 | 71 | 38 |
| 60+ | 153 | 53 | 100 |
| **Вкупно** | **683** | **346** | **337** |

Според степенот на школската подготовка, од вкупната бројка невработени:

- без образование и основно образование се вкупно 275 лица, од кои 132 жени и 143 мажи;
- со непотполно средно образование се вкупно 116 лица, од кои 53 жени и 63 мажи;
- со завршено средно образование се вкупно 213 лица, од кои 118 жени, а 95 мажи;
- со вишо образование, се вкупно 6 лица, од кои 2 се жени, а 4 мажи;
- со високо образование се вкупно 67 лица, од кои 37 се жени и 30 мажи и
- магистри на науки, се вкупно 6 лица, од кои 4 жени и 2. мажи.

| **П Р Е Г Л Е Д (невработени лица евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Гевгелија, со место на живеење во Општина Гевгелија, според степен на образование, со состојба на 30.9.2024 година)** | | | |
|---|---|---|---|
| Општина Гевгелија | | Пол | |
| **образование** | **Вкупно** | **Жени** | **Мажи** |
| без образовние и со основно | 275 | 132 | 143 |
| непотполно средно | 116 | 53 | 63 |
| завршено средно | 213 | 118 | 95 |
| вишо | 6 | 2 | 4 |
| високо | 67 | 37 | 30 |
| магистри | 6 | 4 | 2 |
| **Вкупно** | **683** | **346** | **337** |

## ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ НА ПРАВНИ СУБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Според податоците од Централен регистар на РСМ, во Општина Гевгелија се евидентирани 1.019 вистински сопственици на правни субјекти. Од нив, 731 се мажи, а 288 жени.

Според големината на субјектите, се прикажани следниве резултати:
- микро – 422 сопственика се мажи, а 489 жени;
- мали – 290 сопственика се мажи, а 93 жени;
- средни – 13 сопственика се мажи, а 5 жени и
- големи – 6 сопственика се мажи, а 1. жена.

| **Регистар на вистински сопственици** | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **Пол** | **Големина на субјект** |
| 422 | Маж | Микро |
| 290 | Маж | Мал |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Маж | Гоелем |
| 189 | Жена | Микро |
| 93 | Жена | Мал |
| 5 | Жена | Среден |
| 1 | Жена | Голем |

Во периодот 2023 – 2024 година, на подрачјето на Општина Гевгелија се регистрирани 164 нови субјекти, од коишто нивни сопственици се 113 мажи, а 51. жена.

| **Новоосновани субјекти во 2023 и 2024 Година** | |
|---|---|
| **Вкупно** | **Пол** |
| 113 | Маж |
| 51 | Жена |

По големина на субјектите, биле основани:
- мали, чиишто сопственици се 8 мажи, а 3 жени и
- микро, чиишто сопственици се 105 мажи, а 48 жени.

| **Големина** | **Женски** | **Машки** |
|---|---|---|
| Мал | 3 | 8 |
| Микро | 48 | 105 |

**СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

Во 2023 година, согласно податоците од Министерството за внатрешни работи на РСМ, во Општина Гевгелија биле пријавени 91 случај со елементи на семејно насилство. Од вкупната бројка, најголем број жртви на семејно насилство се жени – 75, а 16 жртви мажи.

| | |
|---|---|
| | До половината на 2024 година (јуни), биле пријавени 58 случаја со елементи на семејно насилство, во коишто 75 жртви се жени, а 7 мажи.<br><br>Во 2024 година во ЈУМЦСР Гевгелија се евидентирани 102 случаја со елементи на семејно насилство. Од вкупната бројка, ЈУМЦСР Гевгелија постапил по 94 пријави од ОВР ПС Гевгелија, 1 пријава од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија и 7 лични пријави. Од вкупниот број случаи, за 19 е водена судска постапка со изрекување привремени мерки. Најголемиот број на жртви се однесува на жени и тоа 93, 8 жртви се мажи и 1 малолетник (машко).<br><br>**Статистика за учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и јавниот живот:**<br><br>Во Општина Гевгелија, градоначалник е маж. Додека, Советот на Општина Гевгелија е составен од 19 члена, од кои 7 жени и 12 мажи.<br><br>**Структурата на жени и мажи во општинската администрација е следнава:**<br><br>- секретар на Општина Гевгелија – 1 жена;<br>- раководители на Сектори во Општина Гевгелија – 2, од кои 1 е жена и 1 е маж;<br>- раководители на Одделенија во Општина Гевгелија – 10, од кои 6 се жени и 4 мажи;<br>- општински инспектори – 4, од кои 3 жени и 1 маж;<br>- бројот на вработени во општинска администрација изнесува 84, од кои 36 се жени, а 48 мажи.<br><br>**Структура на жени и мажи, раководни лица на и вработените во институциите основани од Општина Гевгелија:**<br><br>- директори на образовни институции – 6, од кои 4 се жени, а 2 се мажи;<br><br>* **Вработени во ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија** – 66, од кои 49 се жени, а 17 мажи; директор – 1 маж;<br><br>* **Вработени во ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија** – 70, од кои 63 се жени, а 7 мажи; директор – 1 жена;<br><br>* **Вработени во ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци** – 31, од кои 25 се жени, а 6 мажи; директор – 1 жена; |

| | |
|---|---|
| | * **Вработени во ООУ „Климент Охридски“- Миравци** – 32, од кои 22 се жени, а 10 мажи; директор – 1 жена;<br><br>* **Вработени во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија** – 88, од кои 56 се жени, а 32 мажи; директор – 1 маж;<br><br>*** Вработени во ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија** – 11, од кои 6 се жени, а 5 мажи; директор – 1 жена.<br><br>- директори на културни институции – 4, од кои 2 се жени, а 2 се мажи;<br><br>* **Вработени во ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија** – 5, од кои 2 се жени и 3 мажи; директор – 1 жена;<br><br>* **Вработени во ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија** – 5, од кои 4 се жени, а 1 маж; директор – 1 маж;<br><br>* **Вработени во ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија** – 3, од кои 1 жена, а 2 мажи; директор – 1 маж;<br><br>* **Вработени во ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија** – 0; директор – 1 жена.<br><br>- директори на установи за деца – 1 жена;<br>* Вработени во ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија – 115, од кои 106 жени, а 9 мажи.<br><br>- директор на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија – 1 маж;<br>* Раководител на сектор- 1 маж;<br>* Раководители на одделенија- 10, од кои 3 жени и 7 мажи;<br>* Вработени – 175, од кои 18 жени и 157 мажи. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Локалната власт, преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, презема конкретни акции во корист на еднаквоста на жените и мажите со цел намалување на нееднаквостите, промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса, преку постигнување на следниве цели: |

| | |
|---|---|
| | - инкорпорирање на принципот еднакви можности на жените и мажите во работењето на ЕЛС;<br>- зајакнување на свеста кај жените и девојките за препознавање на насилството врз жените и семејното насилство, како и различните форми на насилството врз жените и семејното насилство и нивно пријавување;<br>- унапредување на соработката помеѓу надлежните институции при постапување во случаи на насилството врз жените и семејното насилство;<br>- подигање на јавната свест за женското и машкото здравје;<br>- промоција на женското претприемништво и поттикнување за негово растење и развој;<br>- сузбивање на стереотипите дека жената може да биде претприемач и да преземе деловен потфат. |

**4. МЕРКИ ИЛИ ТЕМАТСКА ОБЛАСТ:**

**Мерка 1 - ВОВЕДУВАЊЕ ВО ПРАКСА ИНКОРПОРИРАЊЕ НА ПРИНЦИПОТ ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЕЛС**

4.1.1. Активности кои ќе се преземаат за постигнување на мерката и опис на активностите односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Локална стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2025 - 2028 г. и Акционен план за еднакви можности на жените и мажите 2025 - 2028 година.**

Општина Гевгелија нема Локална стратегија за еднакви можности на жените и мажите. Во периодот од 2018 - 2022 година, Општина Гевгелија од актите имаше Акционен план за ЕМЖМ. За таа цел, во текот на 2025 година ќе продолжат активностите за подготовка на Локална стратегија и Акционен план за ЕМЖМ со важност од 2025 до 2028 год. Односно, ќе се формираат работни групи, ќе се направи мапирање на потребите на жените и мажите во општина Гевгелија преку анкетирање и SWOT анализа со помош на општинските институции и НВО- секторот.

Активноста се реализира под менторство на UN Women- Скопје, со којашто Општина Гевгелија има склучено Меморандум за соработка, а резултатите што ќе бидат прикажани во Стратегијата ќе послужат за креирање мерки и активности согласно Националната стратегија за родова рамноправност во наредните 3 години.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Локална стратегија и Акционен план за еднакви можности на жените и мажите 2025 - 2028 г. | - човечки ресурси;<br>- просторија;<br>- харија, ИТ-уреди;<br>- бр. на вклучени институции;<br>- бр. на анкетирани жени и мажи, девојчиња и момчиња;<br>- бр. на вклучени жени и мажи, девојчиња и момчиња во подготовката на Стратегијата;<br>- подготвена Стратегија. | - унапредени капацитетите за РОБ;<br>- потребите на жените и мажите се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- еднаква застапеност на обата пола во подготовката на Стратегијата. | јануари-јуни 2025 г. | 20.000 д. | - координатор и заменик-координатор за еднакви можности,<br>- Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Советот на Општина Гевгелија,<br>- локални институции (ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Одделение за внатрешни работи - Полициска станица-Гевгелија, Основен суд- Гевгелија, Јавно обвинителество-Гевгелија)<br>- НВО- сектор. | Средствата ќе се искористат за потребните материјали и ресурси за одржување на средбите со граѓаните и претставниците од Буџетската програма Х1 – Родова еднаквост. |

**МЕРКА 2- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА- ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО**

4.2.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Еднократна парична помош на жени и девојчиња - жртви на насилство.**

Во Општина Гевгелија расте бројот на жени- жртви на семејно насилство врз жените. Врз основа на статистичките податоци добиени од ЈУ МЦСР- Гевгелија, споредбено- во 2023 година биле пријавени 33 случаја на семејно насилство врз жени, додека во 2024 бројот се зголемил за 1 случај- 34. Знаејќи дека жртвата е таа која најчесто го напушта домот, а не сторителот, Општина Гевгелија ќе додели еднократна парична помош во висина од 6.000 ден.

Постапката за доделување на парична помош се поведува со поднесување писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија. Со поднесување на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош. За остварување на правото на еднократна парична

помош за жени- жртви на семејно насилство, барателот со барањето ја поднесува следната документација:

- копија од важечка лична карта на барателот;
- копија од трансакциска сметка на барателот;
- документ за изречени привремени мерки од страна на Основен суд- Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош на жени и девојчиња- жртви на насилство | - финансиски средства;<br>- бр. на пријавени случаи на семејно насилство врз жени;<br>бр. на жени- жртви на семејно насилство. | - воспоставена специфична мерка за ранливи категории жени и девојки;<br>- препознавање и пријавување на насилството. | јануари – декември 2025 г. | бр. на поднесени барања x – 6.000 ден. | - координатор и заменик- координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Комисија за доделување еднократна пар. помош;<br>- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа;<br>- Одделение за финансии. | Средствата ќе бидат исплатени од Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2025 год.- Д0 Градоначалник. |

**МЕРКА 3- ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ , ПРИЈАВУВАЊЕ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА**

4.3.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Видеокампања „Не трпи во тишина“**

Во текот на 16-дневниот активизам за борба против насилство врз жени и девојчиња, со видеокамапња Општина Гевгелија во соработка со Комисијата за ЕМЖМ и Советот на Општина Гевгелија и јавните установи основани од Општина Гевгелија, како и надлежните институции ќе се приклучат на одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против

насилство врз жените.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Продукција на видеозапис- Кампања „Не трпи во тишина“ | - финансиски средства;<br>- бр. на вклучени жени и мажи во организацијата;<br>- бр. на учесници по пол;<br>- бр. на пријавени случаи на насилство врз жени. | - нулта толеранција за насилство. | 25 ноември – 11 декември 2025 г. | 10.000 д. | - координатор и заменик- координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Совет на Општина Гевгелија и КЕМ;<br>- образовни и културни институции, ЈУМЦСР, Суд и Јавно обвинителство, ОВР. | Средствата ќе се искористат за видео и монтажа од Буџетската програма Х1 – Родова еднаквост врз основа на потпишан договор за ангажман. |

**МЕРКА 4- ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

4.4.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Одржување состаноци и учество на работилници на Мултисекторскиот тим за заштита од насилство врз жени и семејно насилство.**

Многу важен аспект во справувањето со насилството врз жените и семејното насилство е координираниот, мултисекторски пристап кон интегриран пакет неопходни услуги за жените изложени на насилство. Мултисекторските тимови за ефикасна заштита на жените и девојките изложени на насилство и истите служат како пример за добри практики за интегриран пристап до неопходните општи и специјализирани услуги за поддршка и зголемување на ефикасноста при решавање на случаите на насилство врз жени и семејно насилство.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Одржување состаноци и учество на работилници на Мултисекторскиот тим за заштита од насилство врз жени и семејно насилство. | - просторија;<br>- финансиски средства;<br>- број на членови (жени и мажи) во МТЗ Гевгелија;<br>- број на вклучени институции во МТЗ;<br>- број на процесирани случаи на насилство врз жени и девојки и семејно насилство. | - унапреден институционален одговор за превенција и заштита од родово- базирано насилство. | јануари – декември 2025 г. | 20.000 д. | - координатор и заменик-координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Комисија за доделување еднократна пар. помош;<br>- Одделение за финансии. | Средствата ќе се искористат за патни трошоци и обучувач и организатор на работилниците- ЕХО Штип.<br>од Буџетската програма Х1 – Родова еднаквост врз основа на потпишан договор за ангажман. |

**МЕРКА 5- ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЖЕНСКОТО И МАШКОТО ЗДРАВЈЕ**

4.5.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Одбележување на Месецот на женското здравје со едукативни предавања во основните училишта на подрачјето на Општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија;**

**- Одбележување на Месецот на машкото здравје со видеокампања.**

Ширум општина Гевгелија, има отсуство на видливи локални кампањи за подигање на јавната свест за женското и машкото здравје, за рана детекција, но и превенција на карциномот на дојката и простата. За таа цел, Општина Гевгелија, во соработка со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, ќе ги одбележи Октомври- Месецот на женското здравје и Ноември- Месецот на машкото здравје со одржување јавни трибини со учество на стручни лица.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Едукативни предавања во основните училишта на подрачјето на Општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија<br><br>- Видеокампања Месецот на машкото здравје. | - просторија;<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- број на присутни жени на трибината;<br>- број на присутни мажи на трибината. | - зголемен опфат на жени и мажи со превентивни прегледи за рано откривање на карциномот на дојката и простата, како и други малигни заболувања. | октомври 2025 г.<br><br>ноември 2025 г. | 30.000 д.<br><br>10.000 д. | - координатор и заменик-координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија. | Средствата ќе се искористат за хонорари на стручни работници, камерман и монтажер, врз основа на случен договор за ангажман, како и набавка на потребни материјали за едукативните предавања од Буџетската програма Х1- Родова еднаквост. |

**МЕРКА 6- ПРОМОЦИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО**

4.6.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Видеа- поткасти со успешни приказни на жени претприемачки од општина Гевгелија.**

Општина Гевгелија ќе продуцира видеа со жени претриемачки од општина Гевгелија, со наративи за промоција на можностите за жените претприемачи, поттикнување на економското учество на жените, промовирање на ставови за жените и нивното позитивно светло во бизнисот.

За таа цел, Општина Гевгелија ќе ангажира жени кои започнале свој бизнис и камерман за снимање на видеата, коишто, по изработка, ќе бидат поставени на интернет ресурсите како примери за добри практики во женското претприемништво- односно да споделат информации како останатите жени можат да започнат деловен потфат и на кој начин можат да дојдат до финансиски средства за отпочнување бизнис.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Продукција на видеопоткасти со успешни приказни на жени-претприемачки од општина Гевгелија | - просторија;<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- број на учеснички во видеата;<br>- број на нови жени претприемачки. | - поддршка и промоција на женското претприемништво на локално ниво;<br>- поттикнување на жените за вклучување на пазарот на трудот со сопствен бизнис. | март-септември 2025 година | 30.000 д. | - координатор и заменик-координатор,<br>- Комора на занаетчии. | Средствата ќе се искористат за видео и монтажа од Буџетската програма X1 – Родова еднаквост врз основа на потпишан договор за ангажман на стручен соработник. |

**МЕРКА 7- ПОДДРШКА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И САМОВРАБОТУВАЊЕ**

Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

4.7.1 **- Имплементација на Проектот “Your job”**

Општина Гевгелија е вклучена во имплементацијата на Проектот: “Your Job Macedonia” наменет за млади на возраст од 15 до 35 години што се спроведува во рамки на Регионалната програма во Европа- Програма за млади во Западен Балкан.

Проектот е насочен кон обуки за активно барање работа, тренинзи за зајакнување вештини, програми за персонализирани обуки за професионални вештини, платена пракса и поддршка во поставување сопствена бизнис-идеја и грант шема за поддршка на идеи со висок потенцијал. Финансиски е поддржан од Реновабис и Каритас Австрија, а Гевгелија е една од 6. општини во Југоисточниот Регион, каде што се реализира Проектот од страна на Македонски Каритас.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Имплементација на Проектот “Your job” | - број на корисници од Општина Гевгелија на услугите што ги нуди Проектот | - зајакнати вештини за активно барање работа;<br>- зголемен број на млади од Општина Гевгелија со стекнати професионални вештини;<br>- поддржани млади од Општина Гевгелија за бизнис-идеја и отворање сопствен бизнис. | јануари-ноември 2025 година | 0 ден. | - координатор и заменик-координатор,<br>- Македонски каритас. | Нема финансиски импликации по Буџетот на Општина Гевгелија |

4.7.2 **- Обука за женско претприемништво за ученичките во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија**

Преку обуката женските ученички од 3. и 4. година од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија ќе се запознаат со потребните алатки и вештини за успешен старт и управување со сопствен бизнис. Структурата на обуката ќе се организира во неколку модули кои ги опфаќаат сите релевантни аспекти на претприемништвото. Ќе се обработат концепти на претприемништво со разгледување на местото и улогата на жената во бизнисот и опшствеството, поткрепено со податоци од глобално истражување за женско претприемништво во ЕУ и  С. Македонија. Ќе се продолжи со обработка на методите за генерирање на квалитетни бизнис идеи и постапката за дизајнирање на бизнис планови. Ќе се потенцира значењето на финансиското планирање и можните извори за финансирање на сопствени бизниси управувани од жени. Ќе се објаснат чекорите за креирање на ефективна маркетинг стратегија со примена на различни комуникациски канали и социјални медиуми. Ќе се запознаат со можностите за употреба на дигитални технологии во бизнисот преку современи концепти на претприемништво за зелен раст и одржлив развој. На крај, преку бизнис игри и симулации ќе се претставаат потребните претпиемнички вешини и компетенции, но и примери на успешни претприемачки бизниси од земјата и странство основани и управувани од жени.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обука за женско претприемништво за ученичките во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | - просторија;<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- број ученички по образ. профил/ подрачје/ насока што ќе учествуваат на обуката;<br>- број на нови претприемачки<br>. | - поттикнати матурантките да отпочнат сопствен бизнис;<br>-зголемени вештини и компетенции за успешно менаџирање на бизнисите. | април 2025 година | 40.000 ден. | - координатор и заменик-координатор,<br>- АЈ КЈУ МЕДИЈА СКОПЈЕ, | Средствата ќе се искористат за потребни материјали за обуката и хонорари за обучувачи врз основа на потпишан договор за ангажман од Буџетската програма Х1 – Родова еднаквост |

| | |
|---|---|
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките во програмата за подобрување на положбата на жените и мажите на локално ниво. И тоа:<br>-  унапредени капацитетите за РОБ;<br>- потребите на жените и мажите се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- еднаква застапеност на обата пола во подготовката на Стратегијата;<br>- воспоставена специфична мерка за ранливи категории жени и девојки;<br>- препознаено и пријавено насилството;<br>- нулта толеранција за насилство;<br>- еднаков пристап до финансиска поддршка од Општина Гевгелија;<br>- унапреден институционален одговор за превенција и заштита од родово- базирано насилство;<br>- зголемен опфат на жени и мажи со превентивни прегледи за рано откривање на карциномот на дојката и простата, како и други малигни заболувања;<br>- поддршка и промоција на женското претприемништво на локално ниво;<br>- статистичко следење за претприемничката активност на жените, за да се добие вистинската слика |

| | |
|---|---|
| | за женското претприемништво. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза. |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | - 160.000 денари од Буџетската програма Х1- Родова еднаквост;<br>- зависно од поднесените барања за еднократна парична помош на жртви на семејно насилство- буџетска програма D0- Градоначалник. |
| **8. Следење и известување/ евалуација** | Извршувањето на Програмата ќе го следат координаторот и заменик-координаторот за ЕМЖМ во Општина Гевгелија. Мониторингот ќе се врши согласно препораката за користење на матрицата за следење програми од UN Women Скопје, којашто ќе се ажурира двапати годишно, а за тоа ќе бидат одговорни координаторот и заменик- координаторот. Податоците за индикаторите ќе се добиваат преку евиденција за учество на жени и мажи во активностите, како и број на поднесени барања и број на корисници на мерките согласно подготвените решенија. Исто така, ќе се користат и секундарни податоци, коишто се потребни за мерките од другите релевантни институции.<br>Притоа, ќе биде подготвен и Годишниот извештај, којшто ќе уследи на усвојување на Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавен во службеното гласило. Покрај објавувањето во службеното гласило, во соработка со ИТ- службата ќе се промовираат активностите и резултатите на веб-страната на Општина Гевгелија и социјалните мрежи, со коишто располага Општина Гевгелија. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

бр. 09-1612/1
26.12.2024 год.
**Гевгелија**

**претседател**
**на Совет на Општина**

Патрик Матх

с.р.